РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 2096/10
16. 08 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

## **ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Габриела Илиевска поради промена на фактичката состојба односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2096/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 09-2096/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-2096/1 од 29.03.2019 година е оформен по службена должност врз основа на извршената редовна проверка од доставената изјава за интереси од службеното лице Габриела Илиевска каде што е констатирано дека покрај функцијата лен на Совет на општина Кратово истовремено ја извршувал и функцијата член на Управен одбор на ЈОУДГ Царка Андреевска -Кратово.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето Габриела Илиевска побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на Габриела Илиевска, Државната комисија на ден 13.04.2019 година е известена дека именуваното лице на ден 05.04.2018 година до Влада на Република Северна Македонија поднело Барање бр.24-2737/1 за разрешување на член на Управен одбор на ЈОУДГ Царка Андреевска -Кратово. Државната комисија за целосно утврдување на фактичната состојба се обрати и до Влада на Република Северна Македонија за да ни достави дополнително информации за тоа дали службеното лице е разрешена од функцијата Член на Управен одбор на ЈОУДГ Царка Андреевска -Кратово и за истото да ни достави доказ.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија на ден 18.06.2019 година е известена дека Владата на Република Северна Македонија не е надлежна да постапува по предметното барање но истото барање е доставено до надлежниот орган од каде е именувана. Државната комисија исто така се обрати и до надлежниот орган за да не известува за тоа дали лицето Габриела Илиевска е разрешена од функцијата член на Управен одбор на ЈОУДГ Царка Андреевска –Кратово.

На седницата одржана на ден 12 август 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси, каде и го добиевме и решението за разрешување од општина Кратово на ден 25.07.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 09- 2096/10**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**